Секое фудбалско игралиште на кои се одигруваат натпревари во Прва Македонска фудбалска лига (во понатамошниот текст само: Прва МФЛ) И Втора Македонска фудбалска лига (во понатамошниот текст само: Втора МФЛ ) покрај критериумите утврдени во Правилникот за инфраструктура на стадионите на РМ, Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора лига и пропозициите за соодветното натпреварување, мора да ги исполнуваат и следните услови:

- Да имаат цврста ограда поставена околу теренот, изградена од вертикални шипки со соодветна висина (од најмалку 2,20 метри) поради спречување влез на посетители на теренот;
- Техничка документација за изградба на теренот, заверена од надлежен орган;
- Употребна дозвола за теренот како целина и за сите уреди и инсталации на него, издадени од надлежен орган;
- Потврда од надлежен орган за исправноста на електро инсталацијата на теренот, вклучувајки ги и сите службени и помошни простории;
- Трибините и сите помошни и службени простории да се изградени од тврд материјал кои неможе да се оштети со употреба на физичка сила на посетителите;
- Седиштата мора да бидат фиксирани за подлогата, секое седиште мора да биде посебно одвоено и нумерирано, направено од незапалив материјал. Не се дозволени седишта во вид на клупа и таквите ќе се сметаат како делови од теренот за стоење.

**Член 9**

Сите натпревари во организација на ФИФА, УЕФА и ФФМ, како и сите натпревари во секој степен на натпреварување се поделени на:

- Натпревари од висок ризик и
- Натпревари од нормален ризик

Натпреварите кои ќе се сметаат за натпревари од висок ризик се:

- Сите натпревари кои се прогласени за натпревари од висок ризик од страна на УЕФА и ФФМ;
- Сите натпревари за кои се проценува дека бројот на гостински навивачи ќе биде поголем од 5% од капацитетот на фудбалското игралиште;
- Сите натпревари кои привлекуваат странски државјани, односно ако постојат индикации дека би можеле да предизвикаат немири и се закана за безбедноста;
- Сите натпревари кои укажуваат на објективна опасност од националистички испади и негативно однесување на големи групи на гледачи;
- Сите бараж натпревари за влез во повисок степен на натпреварување;

Сите натпревари што не се сметаа за натпревари од висок ризик према критериумите од став 2 на овој член ќе се сметаат за натпревари од нормален ризик.

**Член 10**

Кога околностите при фудбалските натпревари со зголемен ризик укажуваат на можност од појава на насилство и недостојно однесување, организаторот (ФФМ, ОФС, клуб) е должен да:

- го извести веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа пред почетокот на спортскиот натпревар, Министерството за внатрешни работи и ФФМ.
- одреди одговорно лице кое ќе раководи со спроведувањето на мерките за спречување на насилното и недостојното однесување на гледачите и за соработка со Министерството за внатрешни работи;
- достави до Министерството за внатрешни работи план за превентивно дејствување и организација на спортскиот натпревар и план за евакуација во случај на итност;
- оствари соработка со преставниците на клубовите на навивачите заради давање помош при одржувањето на редот на спортскиот натпревар;
- оствари соработка со Министерството за внатрешни работи заради постапување по насоките кои се однесуваат на обезбедување на јавниот ред и мир на спортскиот натпревар;
- обезбеди пред спортскиот објект раздвојување и упатување на противничките групи навивачи кон посебните влезови;
- обезбеди одвојување на домашните и гостинските навивачи во гледалиштето;
- пушти во продажба влезници во зависност од капацитетот на спортскиот објект;
- обезбеди на денот на одржувањето на спортскиот натпревар продажбата на влезниците да се врши на посебни продажни места надвор од спортскиот објект;
- обезбеди техничка опрема за следење и снимање на однесувањето на гледачите;
- обезбеди просторија за укажување итна медицинска помош и
- обезбеди простор за безбедно сместување на превозните средства на гостинскиот клуб.

**Член 11**

Секој натпревар мора да биде пријавен кај надлежниот орган на МВР во согласност со позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја.

## IV. ОБВРСКИ НА КЛУБОТ ДОМАЌИН И ДРУГИТЕ СУБЈЕКТИ ЗА БЕЗБЕДНО ОДИГРУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ

**Член 12**

Организаторот на спортскиот натпревар е должен да ја процени можноста за случување на насилство и недостојно однесување на спортскиот натпревар и да преземе соодветни мерки за нивно сузбивање и спречување.

Организаторот на спортскиот натпревар, зависно од видот и степенот на натпреварување, видот на спортскиот објект, очекуваниот број на посетители и процената за опасност од насилство и недостојно однесување, треба на спортскиот натпревар да обезбеди доволен број редари.

Редарската служба ја сочинуваат лица вработени од страна на организаторот, доброволно пријавени редари или членови на клубот, навивачи и други лица.

Организаторот на спортскиот натпревар може да ги користи и редарските услуги на агенциите за приватно обезбедување кои вршат дејност на заштита на имоти и лица.

Организаторот на спортскиот натпревар, задолжително да користи редарски услуги на агенциите за приватно обезбедување за преглед на лицата (навивачи ) кои ќе присуствуваат на натпреварот.

**Член 13**

Клубот домаќин- организатор на натпреварот покрај целосно исполнување на обврските и условите утврдени и предвидени во Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, Правилникот за натпревари на ФФМ, Пропозициите за соодветното натпреварување и останатите правни акти донесени од страна на ФФМ кои се однесуваат на оваа материја, должен е :

- Да ја процени можноста за случување на насилство и недостојно однесување на фудбалскиот натпревар и да преземе соодветни мерки за нивно сузбивање и спречување,
- Да превземе мерки и активности во согласност со Законите, подзаконските акти и прописите на ФФМ,
- Да го обезбеди фудбалското игралиште од пристап на неовластени лица во соодветен период пред денот на натпреварот,
- Да изврши ефикасна безбедносна инспекција, односно пребарување на стадионот од забранети предмети/материи пред пуштање на посетителите на стадионот,
- Преку разглас да се потсетат посетителите на важноста на почитувањето на спорткото навивање, фер плејот,
- Во процената на опасноста од насилство и недостојно однесување при преземањето на потребните мерки за нивно сузбивање и спречување е должен да соработува со полицијата и другите надлежни органи и да обезбеди доволен број редари, а врз основа на проценка на Министерството за внатрешни работи и полициски службеници, на просторот на спортскиот објект и во неговата непосредна околина,
- Да забрани пристап во објектот во кој се одржува натпреварот на лица кои се под дејство на алкохол или други опојни средства,
- Да оневозможи внесување или продажба на алкохолни пијалаци во спортскиот објект,
- Да оневозможи внесување во спортскиот објект предмети кои можат да се употребат за насилно однесување, или транспаренти и обележја со кои се поттикнува расна, национална, верска или друга нетрпеливост,
- Да ги опомене, односно отстрани гледачите кои можат со пеење на песни или дофрлување на навредливи пораки да предизвикаат и поттикнат омраза врз основа на расна, национална и верска припадност;
- Да ги опомене, односно оддалечи гледачите со чие недостојно однесување може да се предизвика насилство на фудбалскиот натпревар,
- Да изготви план за превентивно дејствување и организација на спортски натпревар и план за евакуација во случај на итност.

Клубот организатор на фудбалскиот натпревар може да се договори со гостинскиот клуб работите на редарската служба помеѓу гледачите на навивачкиот гостински клуб да ја вршат и редари на гостинскиот клуб.

**Член 14**

Гостинскиот спортски клуб кој учествува на натпревар е должен да:

- Писмено го извести клубот организатор на фудбалскиот натпревар и Фудбалската Федерација најдоцна три дена (72 часа) пред организираното поаѓање, за сите елементи битни за клубот и неговите навивачи,
- преземе и други потребни мерки клубот и неговите навивачи да не бидат причина за предизвикување на насилство и недостојно да се однесуваат на фудбалскиот натпревар,
- Доколку се очекува организирано патување на гостински навивачи повеќе од 100 навивачи, гостинските клубови треба да определат соодветен број на редари за придружба и помош на навивачите во текот на нивното патување до и од местото на натпреварот.
- Кога постојат забрани или безбедносните проценки налагаат навивачите да не патуваат на натпревар во гости, клубовите мораат да превземат мерки и активности да се спречи патувањето на навивачите

**Член 15**

Комесарот за безбедност на клубот-домаќин е должен:

- да соработува со сите безбедносни субјекти наведени во член 4 став 1 алинеја 2 во овој Правилник, кои се директно или индиректно вклучени во организирањето на натпреварот,
- да изготви детален план за превентивно дејствување и организација на спортски натпревар,
- да изготви план за евакуација во случај на итност.

**Член 16**

Планот за превентивно дејствување и организација на спортски натпревар, покрај обврските утврдени во Правилникот за натпревари и соодветните пропозиции донесени од страна на ФФМ, меѓу другото треба да содржи:

- начин на соработка и координација со надлежните државни органи, инспекциските служби и останатите учесници, а особено начинот на комуникација со МВР пред, за време и по натпреварот;
- организација и опременост на редарите, противпожарната служба и службата за итна помош, нивните задачи и начинот на постапување во случај на нарушување на јавниот ред и мир
- начин на обезбедена комуникација со посетителите и службените лица во случај на потреба да се пренесат информации и предупредувања
- опис на начинот на вршење на превентивни прегледи за да се спречи внесување на забранети средства,
- опис на обезбедена опрема за спречување на посетителите во забранетите области како и за спречување на контакт помеѓу гостинските и домашните подржувачи,

- Контрола на продажба на билетите.

Комесарот за безбедност е должен да го достави Планот за превентивно дејствување и организација на спортски натпревар и планот за евакуација до Комисијата за безбедност на ФФМ.

## V. ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА НАРУШУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ РЕД И МИР НА НАТПРЕВАР

**Член 17**

Во случај на некоректно навивање од страна на навивачите, нарушување на јавниот ред или други инциденти на натпреварот, кои неможе да се спречат или неможе да се отстранат со предвидените мерки и активности делегатот на натпреварот е должен да интервенира кај претставникот на екипата или комесарот за безбедност на домашната екипа, таквото навивање да престане, доколку се продолжи со неспортско навивање и процени дека е потребно , може да побара од главниот судија за определен временски период (имајќи предвид временскиот термин да не дојде до нарушување на одигрувањето на натпреварот) да го запре натпреварот и да побара од претставниците на МВР и домаќинот да се испразни дел од трибината, во повторен потежок случај може да побара од главниот судија да го прекине натпреварот;

Во случај да гостинската екипа носи организирано навивачи, а домаќинот најави дека ќе бара проценување на евентуална направена штета, делегатот во присуство на двајцата претставници има обврска да ја констатира состојбата на трибината каде ќе бидат сместени навивачите (столчиња и друга опрема), пред и по натпреварот и за тоа да се произнесе во записникот,

Делегатот има обврска да изготви дополнителен извештај и формулар за фер плеј оценување и заедно со записникот да ги достави до Комисијата за натпревари на ФФМ најкасно 24 часа по натпреварот.

## VI. КОМИСИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**Член 18**

Комисијата за безбедност се состои од 5 члена и тоа: Претседавач, заменик претседавач и три члена.

Комисијата за безбедност се грижи за безбедно и непречено организирање на фудбалските натпревари во согласност со Правилниците на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

**Член 19**

Комисијата за безбедност ги има следните надлежности:

- организирање на безбедноста и сигурноста на фудбалските натпревари во организација на ФИФА, УЕФА и ФФМ, (каде што ФФМ е организатор или домаќин);
- координирање и контрола на организирањето на безбедноста и сигурноста за натпреварите од страна на фудбалските клубови од Прва и Втора МФЛ, Прва лига жени и Футсал, по потреба и во останатите лиги,

- помага, укажува и врши контрола на комесарите и замениците комесари на фудбалските клубови за време на организирање на безбедносните мерки и активности на натпреварите,
- задолжително еден член присуствува на натпревар прогласен со зголемен ризик со цел да координира, укаже и ги следи мерките и активностите превземени од страна на комесарите и клубовите (домажин и гостин) за време пред, за и по натпреварот во делот на безбедноста (по натпреварот во рок од 48 часа истиот поднесува извештај до Комисијата за безбедност за утврдената состојба.
- свикува состаноци со цел за анализа на извештаите од членовите на Комисијата за безбедност и делегатите на натпреварите и превземање на соодветни мерки и активности за подобрување на безбедносната состојба на терените пред, за и по натпреварите, однесување на публиката, играчите и службените лица во делот на безбедноста и сигурност на натпреварите.
- организирање на семинари и работилници за комесарите и замениците комесари за безбедноста на клубовите од Прва и Втора МФЛ, Прва лига жени и Футсал
- издавање на лиценци за работа на комесарите за безбедност;
- доставување на предлози за воспоставување и подобрување на стандарди во процесот на обезбедување на фудбалските натпревари;
- доставување на предлози за процедури за издавање на лиценци на комесарите за безбедност;
- прогласување на натпревари од висок ризик,
- врши и други работи по барање на УО кои не се во надлежност на други комисии.

Комисијата за безбедност своите надлежности ги извршува согласно предметните правилници на ФФМ, УЕФА, ФИФА и позитивните законски прописи.

## VII. Назначување и критериуми за комесар и заменици комесари за безбедност на фудбалски клуб

### Член 20

Фудбалскиот клуб поднесува писмено барање до Комисијата за безбедност на ФФМ за назначување на лице- комесар за безбедност.

Фудбалскиот клуб мора да поднесе пединечно писмено барање за едно лице комесар за безбедност и најмалку едно лице заменик на комесарот за безбедност.

### Член 21

Критериуми за добивање на лиценца за назначеното лице од страна на клубот за комесар и заменик комесар за безбедност:

- Назначеното лице да не е нарушител на јавниот ред и мир, со елементи на насилство или од Законот за спречување на насилсвото и недостојно однесување на спортските натпревари и Кривичниот закон,
- Да не е осудуван или се води судска постапка за насилство или кривично дело по здрајето и животот на луѓето,

- Да нема забрана за вршење било каква функција од спортот, изречена од Дисциплинска комисија при ФФМ.
- Да е во близок контакт со навивачите и е запознаен со нивните навики и желби,
- Да поседува значително искуство и познавање за безбедноста по прашањата за организирање на безбедност и сигурност, контрола на публиката, јавен ред и билети за фудбалски натпревари,
- Да ги има посетено сите семинари и работилници организирани од страна на Комисијата за безбедност при ФФМ и други надлежни комисии при ФФМ,
- Да го има успешно положено тестот за комесари за безбедност,

**Член 22**

Комисијата за безбедност на ФФМ има право да не му издаде лиценца на назначеното лице – Комесар или Заменик комесар за безбедност на фудбалски клуб доколку не ги исполнува условите дадени во чл. 21 и 22 од овој Правилник.

**Член 23**

Комисијата за безбедност на ФФМ може да му ја одземе издадената лиценца за комесар или заменик комесар за безбедност на фудбалски клуб во следните случаи:

- во периодот на важноста на лиценцата лицето Комесар или Заменик комесар за безбедност стори прекршок со елементи на насилство или му е изречена дисциплинска мерка од Дисциплинската комисија на ФФМ,
- не ги спроведува мерките и активностите дадени во Правилникот за безбедност или Законот за спречување на насилство и недолично однесување на спортски натпревари, за време на одржување на натпреварите,
- не присуствува на работилниците и состаноците организирани од страна на Комисијата за безбедност на ФФМ,
- одбегнува или не контактира и не соработува со Комисијата за безбедност на ФФМ, во делот за организирање на безбедност и сигурност на фудбалски натпревар.

**член 24**

Лиценцата издадена за Комесар или Заменик комесар за безбедност има важност една година, од денот на издавање.

Лиценцата издадена од страна на Комисијата за безбедност на ФФМ, има важност и е валидна во организирање на меѓународни клубски натпревари (ФИФА и УЕФА)

**Член 25**

Во случај на промена на лицето Комесар или Заменик комесар за безбедност од страна на фудбалскиот клуб или поради одземање на лиценцата, постапката за назначување на друго лице за Комесар или Замени комесар е иста како и за ново назначување на лице Комесар или Заменик комесар за безбедност на фудбалски клуб.

**Член 26**

За непочитување на одредбите на овој Правилник ќе се применуваат соодветно одредбите од Правилникот за натпревари на ФФМ, Дисциплинскиот Правилник на ФФМ и Пропозициите за соодветните натпреварувања.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 27**

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

Со стапување на овој Правилник престануваат да важат сите претходно донесени Правилници и акти кој ја регулираат оваа материја.

Скопје, 03.07.2014

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Врз основа на член 56 став 1 точка и од Статутот на Фудбалскта Федерација на Македонија, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 03.07.2014 година, го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К
## За фер игра

## I – ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Поаѓајки од потребата за унапредување и развој на фер игра, како еден од основните принципи во спортот и поставените начела во актите на ФИФА и УЕФА, со овој Правилник се афирмира фер играта во фудбалските натпреварувања во надлежност на Фудбалската Федерација на Македонија (во понатмошниот текст само: ФФМ) и се регулираат целите и задачите, оценувањето на фер игра во домашните натпреварувања и формирање на листи, воспоставување на Ден на фер игра, надлежности на комисијата за фер игра и др.

## II – ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

### Член 2

Со воведувањето на принципот за фер игра во нормативните акти, ФФМ има за цел на ефикасен начин да се издигне етичкото и моралното однесување во фудбалот, па преку почитување на Правилата на игра, пропозициите за натпреварувањата, противникот, раководоството на клубовите, судиите, навивачките групи и претставниците на медиумите, во домашните натпреварувања да остварат спортска атмосфера заснована на взаемна доверба и почитување.

### Член 3

Промоцијата и афирмацијата на фер играта мора да биде постојана задачи на сите членови на фудбалската организација, од причина што тоа е најдобриот начин да се популаризира спортскиот дух и спортското однесување на сите учесници во фудбалската игра.

Истакнување на правите вредности и постапки на фудбалскиот терен и околу него, покрај почитувањето на позитивните законски прописи и актите на ФФМ, има за цел да влијае на намалување на насилството на терените.

## III – ФЕР ИГРА ОЦЕНУВАЊЕ

### Член 4

ФФМ, за промовирањето на фер игра, воведе ранг листа на фер игра на клубови кои се натпреваруваат во Првата Македонска Фудбалска лига (во понатамошниот текст само: Прва МФЛ) .

Официјалниот назив на листата е „Фер плеј листа на ФФМ„ на кој може да се додаде име на спонзор.

### Член 5

Оценувањето на однесувањето на учесниците на натпреварот се врши од страна на делегатот.

Делегатот пополнува образец за оценување на фер игра, а по потреба може да се консултира со судијата на натпреварот.
Образецот од став 2 на овој член, пополнет со потребните податоци-оценки, делегатот ги доставува заедно со службениот извештај од натпреварот до органот кој го води натпреварувањето.

**Член 6**

Табелата за фер игра се составува по секое одиграно коло и се презентира на јавноста најкасно во рок од 48 саати по последниот одигран натпревар во тоа коло.

**Член 7**

Фер игра оценувањето се врши врз основа на шест критериуми и тоа:

- Жолти и црвени картони;
- Позитивна игра;
- Почитување на противникот;
- Почитување на судијата;
- Однесување на службените лица на клубот;
- Однесување на навивачите;

Во процесот на оценувањето од поголема важност ќе бидат позитивните аспекти, на начин што максималните оценки не би требало да се доделуваат доколку екипите немале позитивен пристап кон играта.

***а) Поединечни критериуми***

**1. Жолти и црвени картони**

**Член 8**

Екипа која на натпревар не добила ни една опомена (жолт или црвен картон) добива десет бодови.
Во случај екипата да добие опомена, од вкупниот број бодови утврдени во став 1 на овој член, за жолт картон се одзема еден бод, а за црвен картон три бода.
Ако играч кој е опоменат со жолт картон направи уште еден прекршок за кој се изрекува јавна опомена (жолт картон) а играчот мора да биде исклучен поради вториот прекршок (комбинација жолт и црвен картон) во тој случај се брои само црвениот картон, односно се одземаат три бода.
Доколку играч кој е казнет со жолт картон напрви уште еден прекршок за кој е предвидена казна исклучување, мора да се одземат вкупно четири бода (1+3).
Жолтите и црвените картони се единствените елемени во оценувањето кои можат да имаат негативни вредности.

**2. Позитивна игра**

**Член 9**

Со примена на овој критериум се наградува позитивната игра, која е атрактивна за гледачите. Максимум бодови по овој критериум е 10 бодови, а минимум 1 бод.
При оценувањето како позитивни елементи се сметаат:

- Определувањето на екипата за напаѓачка тактика

- Забрзување на играта
- Напори на екипата да не се врши опструкција на играта, односно повторно внесување на топката во игра, и во ситуација кога екипата се наоѓа во победничка позиција;
- Настојување да се даваат голови и при убедливо водство.

При оценувањето како негативни елементи се сметаат:

- Успорување на натпреварувањето;
- Губење на време;
- Тактика која се заснова на правење фаули;
- Симулирање и слично

Начелно на позитивните елементи ќе им се даде поголемо значење и повеќе ќе се вреднуваат доколку екипата постигнала поголем број голови и имала повеќе гол шанси.

**3. Почитување на противникот**

**Член 10**

Максимум бодови по овој критериум е 5, а минимум 1 бод. Оценувањето врз основа на овој критериум се врши врз основа однесувањето на играчите во однос на почитување на правилата на играта, пропозициите и самиот натпревар (пр. Помагање на повреден противнички играч), а како и кај другите критериуми се заснова на позитивно однесување. Односувањето без прекршоци, но и без никаков позитивен став или гест во однос на противникот, треба да се оценува со 4 бодови.

При примена на овој критериум треба да се избегнува повторно пресметување на жолти и црвени картони, но делегатот, може да ја земе во предвид тежината на прекршокот.

**4. Почитување на судија**

**Член 11**

Максимум бодови по овој критериум се 5, а минимум 1 бод.

Во согласност со Правилата на игра од играчите се очекува да ја почитуваат личноста на сите судии, како и одлуките кои тие ги носат.

Позитивно однесување во однос на судија треба да се оценува со висока оцена, вклучувајки го и прифаќањето на сомнителни одлуки без протест.

Нормално однесување, без позитивен став или гест во однос на судијата треба да се оценува со 4 бода.

**5. Однесување на службени лица на клуб**

**Член 12**

Максимум бодови по овој критериум се 5, а минимум 1 бод.

Од службените лица на клубот, вклучувајки го и тренерот, се очекува на најдобар начин и со сите напори да развиваат спортски, технички, тактички и морални вредности на својата екипа и преку својот пример да влијаат на играчите да се однесуваат во духот на фер игра.

При примена на овој критериум треба да се оценуваат и позитивните и негативните аспекти (на пример дали се провоцираат противничките играчи и навивачи, на кој начин се прифаќа одлука на судија и др).

Истотака треба да се земе во предвид однесувањето спрема претставниците на медиумите.

Коректно –нормално однесување, меѓутоа без позитивен став или гест треба да се оцени со четворка.

**6. Однесување на навивачи**

**Член 13**

Максимум бодови по овој критериум се 5, а минимум 1 бод.

При примена на овој критериум се оценува начинот на кои навивачите ја подржуваат својата екипа, почитувањето на противникот и судијата, повиците и песните (коректни), секако имаат позитивно влијание на севкупната атмосфера на стадионот. Максимален број на бодови се доделува само ако на стадионот е создадена позитивна атмосфера.

Ако бројот на навивачите на некој екипи се мали, кај овој критериум треба да се наведе дека истиот е неприменлив.

**б) Вкупно оценување**

**Член 14**

Вкупната оценка на екипите се добива на начин што се собираат добиените бодови за индивидуалните критериуми, добиениот збир се дели со максималниот број на бодови и се множи со 10.

Максималниот број на бодови по натпревар за една екипа е 40. Меѓутоа доколку екипата има занемарлив број на навивачи (член 13 став 4), тој критериум не се оценува, па во таков случај максимален број на бодови е 35.

Вкупната оцена се пресметува до три децимали и не се заокружува.

**Член 15**

Делегатот на натпреварот на образецот за фер игра, покрај индивидуалните и збирните оценки дава и кратко писмено образложение на личното бодување на фер игра.

Писмената изјава може да содржи и опис на исклучителен гест на некој од учесниците на натпреварот, со што со ваквиот гест учесникот влегува во конкуренција за доделување на индивидуално признание за фер игра во конкретната сезона.

**Член 16**

На крајот на натпреварувачката сезона се прогласува победникот на Фер плеј листата на ФФМ. Победникот врз основа на пласманот на листата, го прогласува претседателот на Комисијата за фер игра на ФФМ.

На победникот му припаѓа признание (пехар и плаката).

## IV – ФЕР ПЛЕЈ ДЕН

**Член 17**

Пред почетокот на натпреварувачката сезона Комисијата за фер игра и Натпреварувачката комисија на ФФМ одредуваат термин и содржина на „Фер плеј ден на ФФМ", кој по правило треба да биде на почетокот на натпреварувачката сезона.

## V - КОМИСИЈА ЗА ФЕР ИГРА

**Член 18**

Комисијата за фер игра е орган задолжен за пратење и развој на фер играта во натпреварувањето под надлежност на ФФМ.
Комисијата преку својата активност врши постојано промовирање на фер игра, ги следи случувањата во оваа област на европско и светско ниво и мерките кои ги превземаат ФИФА и УЕФА, предлага мерки и активности до Управниот одбор на ФФМ со цел унапредување на начелата на фер игра.
Комисијата врз основа на извештајот (листа) која ја доставуваат делегатите, прогласува индивидуален фер плеј гест на годината (сезоната) и за тоа до Управниот одбор предлага определена награда-признание.

**Член 19**

Комисијата за фер игра се состои од 5 члена и тоа: Претседавач, заменик претседавач и три члена.

Комисијата за фер игра има надлежност:

- да ги следи етичките односи во фудбалската организација;
- да ја промовира фер играта;
- да го следи недозволеното влијание на исход во натпреварувањето организирано од ФФМ;
- да превзема активности во соработка со службено лице за заштита на интегритетот на натпреварување на ФФМ за заштита на Етичкиот кодекс на ФФМ;
- да покренува постапка пред надлежен дисциплински орган на ФФМ согласно Етичкиот кодекс на ФФМ;
- да организира семинари, работилници и др. за подобрување на етичките односи и промовирање на фер играта;
- врши и други работи по барање на УО кои не се во надлежност на други комисии.

## VI – ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

Одредбите на овој Правилник можат да се применуваат и на другите натпреварувања кои се дел од системот на натпреварувања на ФФМ, во кои надлежни органи ги носат соодветни одлуки.

**Член 21**

Со стапување на сила на овој правилник престануваат да важат сите акти и прописи со кои се регулира оваа материја.

**Член 22**

Правилникот стапува на сила осмиот ден од објавувањето во Макфудбал.

Скопје, 03.07.2014

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата


**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**